**20232213867**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 6 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија” бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 294/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИИТЕ НА ПОЛИЦИЈАТА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЕВИДЕНЦИИТЕ НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на Полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/13 и 56/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 130/19), во член 30 алинејата 5 се брише.

Член 2

Членот 35 се брише.

Член 3

Членот 84 се брише.

Член 4

По членот 87 – в се додаваат девет нови членови 87-г, 87-д, 87-ѓ, 87-е, 87-ж, 87- з, 87-ѕ, 87-и и 87-ј, кои гласат:

„Член 87-г

Евиденцијата за отпечатоци од папиларни линии со примена на информатичко - технички системи за чување, може да се води како:

- евиденција со отпечатоци од папиларни линии од прсти и дланки од лица и
- евиденција со траги од папиларни линии.

Член 87-д

(1) Во евиденцијата за отпечатоци од папиларни линии од прсти и дланки од лица содржани се податоците од ставот (3) на овој член.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член се води во електронска форма со примена на информатичко-технички системи.

(3) Евиденцијата од ставот (1) на овој член ги содржи следниве податоци: презиме; име; име на родители; датум и место на раѓање; пол; државјанство; локација на регистрација; престап (причина за регистрација); АФИС број; утврден идентитет; матичен број; коментар; датум на последна промена на записот на лице; десеттопрстни отпечатоци (внесени со скенирање на дактилоскопскиот материјал); рамни отпечатоци и отпечатоци од дланки и фотографии.

Член 87-ѓ

(1) Во евиденцијата за траги од папиларни линии содржани се податоците од ставот (3) од овој член.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член се води во електронска форма со примена на информатичко-технички системи.

(3) Евиденцијата од ставот (1) на овој член ги содржи следниве податоци: број на предмет; кривично дело (член од Кривичниот законик); датум на увид; датум на креирање на предмет во евиденцијата; доставувач; коментар за предметот; скенирани траги од папиларни линии; коментар за скенираната трага од папиларни линии.

Член 87-е

Евиденцијата за отпечатоци од ДНК профили со примена на информатичко - технички системи за чување, може да се води како:

- евиденција со ДНК профили од лица и
- евиденција со ДНК профили од траги од биолошко потекло.

Член 87-ж

(1) Во евиденцијата за ДНК профили од лица содржани се податоците од ставот (3) на овој член.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член се води во електронска форма со примена на информатичко-технички системи.

(3) Евиденцијата од ставот (1) на овој член ги содржи следниве податоци: интерен иденфикационен број на примерокот на профилот; презиме; име; име на родители; датум и место на раѓање; пол; вид и број на документ за лична идентификација; матичен број; адреса на живеење; баркод на брис со кој е обезбеден референтиот биолошки материјал; кривично дело (член од Кривичниот законик); статус на лице (осомничен/осуден, оштетен, жртва, елиминација); етничка припадност; баркод на примерок; датум на анализа на примерокот; кит за анализа; ДНК профил од лице и забелешки.

Член 87-з

(1) Во евиденцијата за ДНК профили од траги од биолошко потекло содржани се податоците од ставот (3) на овој член.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член се води во електронска форма со примена на информатичко-технички системи.

(3) Евиденцијата од ставот (1) на овој член ги содржи следниве податоци: интерен идентификационен број на примерокот; бар код на примерокот; датум на земање; кривично дело (член од Кривичниот законик); опис за примерокот; интерен идентификационен број на профилот; број на профилот; датум на анализа; кит за анализа; надворешен идентификационен профил; опис на профилот; ДНК профил на трагот.

Член 87-ѕ

Евиденцијата за фотографии од лица со примена на информатичко - технички системи за чување, може да се води како:

- евиденција со фотографии од лица и
- евиденција со фотографии од непознати сторители.

Член 87-и

(1) Во евиденцијата за фотографии од лица содржани се податоците од ставот (3) на овој член.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член се води во електронска форма со примена на информатичко-технички системи.

(3) Евиденцијата од ставот (1) на овој член ги содржи следниве податоци: фотографија; име; презиме; матичен број, АФИС број и забелешки.

Член 87-ј

(1) Во евиденцијата за фотографии од непознати сторители содржани се податоците од ставот (3) на овој член.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член се води во електронска форма со примена на информатичко-технички системи.

(3) Евиденцијата од ставот (1) на овој член ги содржи следниве податоци: број на предмет и фотографија од непознат сторител.“.

Член 5

Обрасците број 30 и број 72 се бришат.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1 110351/1
16 октомври 2023 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.